# ЗАПИСНИК
## од 10 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.03.2015 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска – Довлева, м-р Арбен Саити, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека по електронска пошта, г-дин Фетаи известил дека не е во можност да присуствува на седницата, но бидејќи не можеше да се одложи датумот на одржување на седницата, рече дека отсуството на г-дин Фетаи го смета за оправдано. Во врска со порано добиените материјали за седницата до членовите на Советот, го искажа неговото задоволство.

Предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

### Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од првото продолжение на 08-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 06.03.2015 година.
2. Усвојување на Записникот од 09-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.03.2015 година.
3. Извештај од спроведен стручен надзор.
4. Предлог - Упатство за правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување**.**
5. Предлог - Одлука за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија.
6. Предлог - Правилник за спонзорство.
7. Предлог - Правилник за начинот на водење на дневната евиденција и за квалитетот на снимките од емитуваната програма на радиодифузерите.
8. Предлог - Правилник за определување на должината на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

9. Предлог - Правилник за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

10. Предлог-Безбедносна политика на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во областа на информациско-комуникациската технологија.

11. Предлог - Одлука за потреба од јавна набавка: Миење на службените возила на Агенцијата.

12. Предлог - Одлука за набавка на нов систем за архивирање документи, електронска архива (е-деловодник).

13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата, го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 08-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 06.03.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата, го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 09-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.03.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го објасни предложениот Извештај од спроведен стручен надзор. Информира дека во текот на февруари 2015 година, беше спроведен стручен надзор на над вкупно 136 радиодифузери, со цел да се утврди дали тие ги исполнуваат техничките, просторните и кадровските услови, коишто ги навеле во пријавата за замена на дозволата за вршење радиодифузна дејност со нова дозвола за телевизиско или радио емитување (вкупно 133 радиодифузери), односно во барањето за доделување дозвола за радио или телевизиско емитување (вкупно 3 (три) радиодифузери). Објасни дека освен кај два радиодифузери, најголемиот дел од нив во целост ги исполнуваат техничките, просторните и кадровските услови што ги навеле во пријавата за замена на дозволата за вршење радиодифузна дејност со дозвола за телевизиско или радио емитување, односно во барањето за добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување. Кај помал дел од радиодифузерите беа констатирани отстапувања во однос на техничките, просторните и кадровските услови што ги навеле во пријавата за замена на дозволата, но сите ги задоволуваат минималните услови предвидени со "Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување". Кај два радиодифузери се јавува проблем и објасни дека на седницата за нив не е предложена предлог-мерка согласно стручниот надзор. Локалната радиостаница Радио Еми од Жировница, не ги задоволува минималните услови предвидени со "Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување", односно не го исполнува условот од најмалку тројца вработени, од кои двајца треба да се новинари со високо образование. Г-дин Трајчевски објасни дека во текот на месец ноември 2014 година, кога е донесен "Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување", се направила отстапка само кај бројот на минимум вработени за телевизиско емитување на регионално ниво во дебарскиот регион, но не се

предвидело дека такви отстапки треба да се направат и за радио емитување, бидејќи регионот е премногу мал. Во таа насока предложи две опции, од кои едната е да се примени актуелниот правилник и да се започне постапка за одземање на дозволата за Еми од Жировница, што според него би било штета, затоа што местото има мал број на жители и тешко е радиодифузерот да го исполни овој услов. Вториот предлог е да се започне постапка за измена на правилникот во делот на кадровските услови за места каде има многу мал број на жители, како на пример Жировница, Пласница, Пехчево и слично, со цел да се ублажат условите. Во однос на вториот радиодифузер, локалната радиостаница Радио Диџеј од Струга, објасни дека не приложил документи (копија од М1/М2 обрасци и/или договори за дело односно авторски договори) како доказ дека е исполнет минималниот услов, односно дека се ангажирани најмалку тројца вработени, од кои двајца новинари со висока стручна подготовка, што претставува основ за покренување постапка за одземање на дозволата. Овластеното лице на радиодифузерот ги известил овластените лица за вршење стручен надзор дека овие документи ќе бидат доставени во Агенцијата дополнително, но заклучно со 10.03.2015 година, во Агенцијата не се пристигнати потребните документи. Потенцира дека со наведениот радиодифузер континуирано наназад имало проблеми и од друг аспект, и смета дека за овој радиодифузер нема потреба од никакви корекции во правилникот за тој регион, бидејќи е голем и ги зафаќа Охрид, Струга и може да ги исполни минималните кадровски услови. Неговите предлози беа да се започне со постапка за изменување на правилникот и со тоа локалната радиостаница ЕМИ од Жировница да ги исполни условите од Правилникот, додека за Радио Диџеј од Струга, да се започне постапка за одземање на дозволата за радио емитување.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, додаде дека стручниот надзор беше спроведен во периодот од 02 до 21 февруари 2015 година. Непречено вршење на стручниот надзор беше обезбедено од страна на сите радиодифузери, кои на овластените лица на Агенцијата им овозможија во определениот рок влегување во просторијата каде што се наоѓаат средствата и предметите за обезбедување на медиумски услуги и ги доставија сите информации, податоци и документација потребни за вршење на стручниот надзор. Исто така, согласно член 32 од Законот, во текот на вршењето на стручниот надзор овластените лица составуваа записник, кој го потпишуваа и овластените лица на радиодифузерите. Ниту еден радиодифузер не одби да го потпише записникот. При тоа уште еднаш го објасни проблемот со Еми од Жировница и Радио Диџеј од Струга.

Г-дин Фиданоски, рече дека ќе го каже неговиот став во врска со предложената точка. Кога на седница се носел “Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“, се залагал за еден стандард кој не бил усвоен и жали за тоа. Неговото залагање се однесувало на минималната бројка на вработени во националните телевизии и сметал дека се намалува неоправдано. Но, за сите други медиуми, рекол тогаш и сега повтори, дека треба да постои флексибилност, да се изнајде можност таквите медиуми да продолжат да функционираат. Од тие причини, рече дека ќе ја поддржи измената во Правилникот, која значи намалување на минималната бројка на вработени за медиумите од т.н. посебни региони, прво демографски, по број на жители и второ економски, кој не се во состојба да се „натпреваруваат“ со медиуми кој доаѓаат од „побогати“ во секоја можна смисла, региони. Постави прашање за тоа каква е идејата, во која насока ќе оди измената во правилникот, дали во неговата содржина ќе бидат поименично наведувани местата каде ќе важат условите, или намалувањето ќе оди генерално, дали намалувањето ќе биде кај новинарите или во вкупната бројка вработени?

Г-дин Петрушевски рече дека сака да даде коментар во врска со дискусијата на г-дин Фиданоски, во поглед на намалување на кадровските услови во малите сиромашни средини. Предложи дека е подобро намалувањето да биде согласно бројот на население, по број на правни субјекти запишани во Централен регистар за тој регион и од тамо да произлезе минималниот број на вработени. Тоа е, рече, неговиот став по прашањето.

Г-дин Трајчев, наведе дека кога се прават критериуми кој се однесуваат генерално, некогаш за малку некој не исполнува или за малку исполнува, затоа што е тешко прецизно тие се определат. За него е многу важно критериумите да не се прават врз база на индивидуални параметри, конкретно за одреден радиодифузер, туку врз база на реална анализа, па макар и некој да не влезе поради одредени ситуации, но тоа да биде објективно и да се гледа на подолгорочен рок. Тоа е потешко да се изведе, но ако се земат повеќе параметри, податоци, кои ќе бидат фактори за утврдување на тие бројки, тогаш може да се даде добра основа.

Г-дин Трајчевски, објасни дека во врска со Радио Еми од Жировница, не е проблемот со бројот на вработени, туку бројот на новинари со високо образование. Објасни дека во таа насока не е направена анализа, но ако се оди директно кон спроведување на правилникот треба да се спроведе постапка за одземање на дозволата. Одговори дека генерално нема да има намалување на условите за другите региони, општини, освен за оние радиодифузери кои емитуваат програма на многу мали територии. Првично можеби би се отстранил критериумот дека новинарите мора да имаат високо образование, но само за тие средини. Сега условот е тројца вработени и може да се намали за еден, затоа што медиумот поинаку, без вработени, не би можел да функционира. Додаде дека ќе се изработи предлог, кој ќе оди на јавна расправа, каде што може да произлезат и други предлози од заинтересираните страни, и потоа ќе се пристапи со конкретен предлог за измена на правилникот.

Г-дин Фиданоски постави прашање дали за ДиЏеј на следната седница ќе се започне постапка за одземање на дозволата?

Г-дин Петрушевски одговори потврдно, бидејќи рече дека има таков предлог согласно Извештајот од спроведен стручен надзор.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-1815/2 од 10.03.2015 година и едногласно ја усвои Информацијата за спроведен стручен надзор.

Советот донесе заклучок, да се измени и дополни "Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување".

Се задолжија Секторот за информатичка поддршка и општи работи, Секторот за правни и економско-финансиски работи и Секторот за стратешко планирање и авторски права, да ги направат потребните измени и дополнувања на горенаведениот правилник.

По направените измени и дополнувања на наведениот правилник, Агенцијата да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, изменетиот Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, да го објави на веб страницата на Агенцијата, со цел да се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го објасни предложеното Упатство за правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување. Објасни дека за нацрт верзијата беше отворена јавна расправа која траеше до 7.02.2015 година. На 22 јануари 2015 година се организирал состанок, на кој беа поканети чинители чија работа и ставови се релевантни за прашањата кои го регулира подзаконскиот акт, односно радиодифузери, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, организации и институции од сферата на спортот и културата. Информира дека до крајот на јавната расправа не пристигнаа ниту предлози ниту забелешки во врска со содржината на Нацрт – упатството. Со цел да се исполни законската обврска, Агенцијата на 10 февруари 2015 година, испрати примерок од изготвеното Предлог – упатство за правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), со барање за нивно мислење и во одговорот АЕК наведува дека нема забелешки на Предлог – упатството. Во текстот на Предлог – упатството, во однос на Нацрт – упатството, се направени лекторски корекции и дадено е појаснување.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1801/1 од 10.03.2015 година и едногласно донесе Упатство за правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување, со текст како што беше предложено.

Со влегувањето во сила на горенаведеното Упатство, престанува да важи Упатството за правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/06).

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, упатството да го објави во “Службен весник на Република Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, ја објасни предложената Одлука за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија. Нацрт верзијата беше објавена на веб страницата на Агенцијата, и отвори јавна расправа која траеше од 40 (четириесет) дена, односно до 07.02.2015 година. За да ги инволвира сите заинтересирани чинители и да добие од нив предлози или сугестии за тоа кои настани треба да се најдат на листата, Агенцијата на 22 јануари 2015 година, организираше средба со претставници на институции од спортот и од културата како и на спортските федерации. На овој состанок беа презентирани сите аспекти и критериуми за утврдување на листата, составот на нацрт - листата, и беа дадени потребните образложенија за тоа зошто токму тие настани се на листата. Со цел да се обезбеди и мислење од Кошаркарската федерација на Македонија чии претставници не можеа да учествуваат на состанокот од 22 јануари, на 3 февруари 2015 година, се одржа и одвоена средба со г. Дејан Лекиќ, генерален секретар на Кошаркарската федерација на Македонија. Со него беа разгледани повеќе прашања, особено оние поврзани со ограничувачкиот ефект што го има ставањето одреден настан на листата од големо значење за јавноста врз комерцијалниот аспект од продажбата на правата за емитување. До завршувањето на јавната расправа пристигна Известување во врска со Одлуката за уврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија од Агенцијата за млади и спорт во соработка со националните спортски федерации во екипни спортови.

Текстот по којшто се водеше јавната расправа, односно Нацрт – одлуката за листата, се подготвуваше низ неколку фази. Најпрвин, преку проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“, финансиран од страна на Европската комисија според ИПА рамката беа ангажирани домашна и странска експертка. Тие изработија два документа. Едниот е “Review of the New Law on Audio and Audiovisual Media Services Related to the Obligation of Broadcasters at State Level do not Broadcast on an Exclusive Basis Events of Major Importance for Society as well as on the List of Events of Major Importance Adopted on the Basis of Previous Legislation” изработен од страна ка експертката по медиумско право м-р Јелена Сурчулија Милојевиќ, а другиот „Overview of practices of other regulatory bodies in determining list of events of major importance to society“ изработен од експертката за регулација на медиуми д-р Снежана Трпевска. На 7 ноември 2014 година, беше одржана работилница насловена „Презентација за имплементацијата на членот 14 од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во земјите - членки на ЕУ и за начелата користени од другите европски регулатори при составувањето листа со настани од големо значење - за медиумските работници од националните медиуми, за Советот и за вработените на АААВМУ“. На овој настан, организиран како активност од ИПА 2009 проектот за „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за медиуми и телекомуникации за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси“, беа поканети претставници од релевантни чинители во општеството од сферата на спортот, културата, медиумите. Двете експертки ги презентираа европската и македонската регулаторна рамка и начелата од кои се раководат другите европски регулаторни тела при составувањето на листите за своите држави. Сите поканети беа повикани да доставаат до Агенцијата свои мислења, ставови и предлози за настани кои би ги исполнувале критериумите и би биле вклучени во листата која ќе биде дел од Нацрт-одлуката. До моментот на составувањето на Нацрт - одлуката за листата (крајот на декември 2014 година), до Агенцијата не пристигна ниту еден одговор од претходната консултација. Аспектите на составувањето на Нацрт – одлуката беа разработени во Образложението кон Нацрт - одлуката за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија. Г-ѓа Јаневска на крајот додаде дека предлозите од г-дин Петрушевски и г-дин Фетаи се прифатени и се вградени во содржината. Во врска со предлогот од г-дин Ајдини, објасни дека не е вграден, но сепак додаден е нов став, со што на некој начин е обезбеден на г-дин Ајдини.

Г-дин Петрушевски, рече дека е вложен голем труд во изработката на одлуката, со направени напори од вработените во Стручната служба и од експертите. За предложената листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, рече дека е коректна, изборот за најзначајните настани е добро направен и во иднина може да се додадат и други настани доколку се појават.

Г-дин Фиданоски, рече дека ќе даде целосна поддршка на листата и смета дека генерално е сосема коректно составена. Можеби рече, во иднина ќе има и други ситуации каде ќе треба да се додаде некој настан, но бидејќи се менливи категории не може 100% да се стават сите настани и истите да се предвидат за период од 5-6 години.

Г-дин Трајчевски, објасни дека претходниот ден имал состанок со претставници од ОЈЕКМ, во однос на точка 5 од предложената одлука, која гласи: „Со цел да се заштити правото на пристап на јавноста до настаните од големо значење, и да се оневозможи некој радиодифузер, со добивањето исклучиво право за емитување на настанот, да лиши значителен дел од населението од можноста да го следи настанот, се утврдува дека квалификувани радиодифузери за емитување на овие настани се

сите радиодифузери што ги исполнуваат следниве 4 (четири) критериуми: со својот сигнал да покриваат најмалку 80% од населението на Република Македонија, пристапот до нивниот програмски сервис да биде слободен, што значи дека се емитува преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс и за него не се плаќа дополнителен надомест, програмскиот сервис да го емитуваат во некодирана форма и настаните од големо значење да ги емитуваат на македонски јазик„. Во таа насока, г-дин Трајчевски, постави две дилеми кои произлегле од работниот состанок. Објасни дека согласно ЗААВМУ, операторите не се должни да ги пренесуваат терестријалните телевизии освен каналите на јавниот сервис. Пред извесен период имало состојба кога Телекабел не ја реемитувал ТВ Алсат М. Доколку ТВ Алсат М, кој е квалификуван радиодифузер, пренесува одреден настан од големо значење, корисниците на Телекабел ќе бидат изземени од можноста да го следат настанот. Втората дилема беше, како ќе се постапи за време на полуфиналните натпревари, бидејќи освен јавниот сервис, нив ги пренесува и друг странски канал Arena Sport, што се реемитува на Македонски Телеком. Дали во тој период треба да се изврши затемнување на Арена спортските канали?

Г-ѓа Јаневска одговори дека во листата на УЕФА за Лига на шампиони во машка конкуренција, настани од големо значење се полуфиналните натпревари, финалниот натпревар и натпреварите во кои учествуваат клубови од Република Македонија. Во таа насока рече дека би било логично само квалификуван радиодифузер од нашата земја да ги пренесува овие настани на територија на Република Македонија. Соработката со Македонски Телеком и МРТ отвораше повеќе дилеми во минатиот период, затоа што правата не може да ги откупи Македонски Телеком туку Јавниот сервис. Телеком може да биде спонзор на настанот или натпреварите да ги дава On Demand.

Г-дин Трајчевски постави конкретно прашање, дали кога на МРТ ќе се емитува полуфиналниот или финалниот натпревар, ќе може истиот да оди на Арена Спорт каналите и дали за тоа треба да се додаде посебна одредба во листата и таа да се дополни?

Г-ѓа Јаневска сметаше дека не може да се емитува на двата канала, но и не може да се стави таква одредба во листата, затоа што се подразбира дека настанот може да го емитува тој што ги има правата за државата и доколку е настан од големо значење ќе го пренесува квалификуваниот радиодифузер од државата. Посочи дека предложената одлука се однесува на тоа кој може да ги емитува настаните, а не кој не може да ги емитува.

Г-дин Петрушевски праша дали има простор точката да се одложи за следната седница и да се размисли?

Г-ѓа Јаневска одговори дека во Одлуката за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, не треба да се интервенира, туку да се донесе став, што во таа насока ќе се направи во пракса.

Г-дин Фиданоски, објасни дека е корисник на пакетот од Max ТВ и информира дека во денот кога оди дерби натпреварот на МТВ, на другите Арена канали не се емитува, и според него веројатно Телеком има направено договор со Арена спорт, да едниот натпревар кој се емитува во вторник, го коментираат македонски коментатори.

Г-дин Трајчевски, објасни дека на вчерашниот состанок со претставниците од ОЈЕКМ, кога им соопштил дека најверојатно нема да ги реемитуваат полуфиналните и финалните натпревари во двете лиги, претставниците од Телеком бурно реагирале и не се согласиле.

Г-ѓа Јаневска, сметаше дека треба тоа прашање дополнително да се истражи, бидејќи Арена каналите не се достапни на сите корисници, туку само на оние кои

дополнително, од основниот пакет, ќе платат за тие канали, и треба да се истражи дали во таква ситуација треба да се ограничи, односно затемни екранот.

Г-дин Фиданоски објасни дека каналот Арена 1 го даваат во основниот пакет, но не и другите Арена 2, 3 и 4 и при тоа корисникот има можност да откупи и натпревар.

Г-дин Трајчев, рече, со оглед на тоа што беше кажано во дискусијата по оваа точка, во јавноста може да се предизвикаат реакции. Појасни дека секогаш кога има толкување, треба добро да се прецизира, за да не се направи простор поинаку да се толкува, да биде поле каде ќе се даваат спротивни аргументи и дека се прави спротивно на законските прописи. Предложи секаде каде е можно, да се избегне толкување, и да се регулира дословно, прецизно, со текст.

Г-дин Трајчевски, се согласи дека треба прецизно да се наведат ограничувањата. Лигата на шампиони и Лигата на Европа предизвикуваат големо внимание од аспект на рекламирање. Доколку паралелно се емитува и на Арена, тогаш многу спонзори од други земји ќе се рекламираат во нашата земја, наместо спонзорите од Република Македонија. На ваков начин се нанесува штета на Јавниот сервис, но штета и на другите квалификувани радиодифузери кои ќе ги откупат правата по значителни суми. Наместо да ги повратат тие пари по пат на реклами, рекламите ќе одат кај друг странски радиодифузер кој не платил на нашите радиодифузери, комерцијалниот аспект е нарушен и е нарушена конкуренцијата. Нашите национални телевизии не се заинтересирани да ги откупуваат правата не само за Лига на шампиони, туку и странските лиги, италијанска, шпанска, германска, француска лига, затоа што преку спонзор не можат да си ги повратат парите бидејќи истите настани се реемитуваат на други странски канали што ги пренесуваат операторите.

Г-дин Петрушевски, рече, според него, натпреварот доколку се емитува на Арена 1 кој е во основниот пакет, екранот треба да се затемни, но не и во останатите Арена канали затоа корисникот за нив дополнително плаќа.

Г-дин Фиданоски, смета дека кога УЕФА ги дава ексклузивните права за емитување за Лига на шампиони, во договорот исклучително се наведуваат генералните спонзори на Лига на шампиони, и тие да се емитуваат пред и веднаш по натпреварот и за време на полувреме. Во ниедна држава ниеден друг не може да емитува некоја друга реклама во тој период.

Г-дин Трајчевски, предложи одлуката да се донесе со текст како што е предложена. Во текот на следните 30-тина дена, да се организира состанок со операторите, квалификуваните радиодифузери на заеднички состанок со членовите на Советот, за да се слушнат нивните видувања.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-1821/1 од 10.03.2015 година и едногласно донесе Одлука за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, со текст како што беше предложена.

Се задолжија Секторот за стратешко планирање и авторски права и Секторот за програмски работи, да направат анализа на прашањата поврзани со реемитување на настаните од големо значење содржани на македонската листа, од страна на странските радиодифузери за територија на Република Македонија.

Се задолжија Секторот за стратешко планирање и авторски права и Секторот за програмски работи, да организираат состанок, на кој ќе бидат поканети претставници од јавниот сервис, телевизиите на државно ниво кои емитуваат преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, од ОЈЕКМ и членовите на Советот на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Одлуката да ја објави во “Службен весник на Република Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го објасни предложениот Правилник за спонзорство. Советот на Агенцијата, на својата трета седница одржана на 30 јануари 2015 година, усвои Нацрт - правилник за спонзорство, го објави на веб страницата на Агенцијата и отвори 30-дневна јавна расправа за неговата содржина. Расправата траеше до 28 февруари 2015 г. и до нејзиното завршување не пристигнаа никакви предлози или забелешки. Употребата на спонзорството (како една од формите на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации) во програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е регулирано во член 54 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при што во став 4 се предвидува дека „правилата за спонзорство се уредуваат со подзаконски акт што го донесува Агенцијата". Текстот на овој подзаконски акт е подготвен врз основа на претходниот Правилник за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ – програмите, искуствата од неговата примена и документот „Правилник за начинот на идентификација на спонзорите во програмите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги" изготвен од д-р Снежана Трпевска, експертка ангажирана во рамките на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги". Во текстот на Предлог – правилникот, во однос на Нацрт – правилникот, се направени лекторски корекции.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1806/1 од 10.03.2015 година и едногласно донесе Правилник за спонзорство, со текст како што беше предложен.

Со влегувањето во сила на горенаведениот Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во ТВ – програмите („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/07).

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го објасни предложениот Правилник за начинот на водење на дневната евиденција и за квалитетот на снимките од емитуваната програма на радиодифузерите. Советот на Агенцијата, на својата трета седница одржана на 30 јануари 2015 година, усвои Нацрт - правилник за начинот на водење на дневната евиденција и за квалитетот на снимките од емитуваната програма на радиодифузерите. Документот беше објавен на веб страницата на Агенцијата и за неговиот текст беше отворена 30-дневна јавна расправа, која траеше до 28 февруари 2015 година. До нејзиното завршување не пристигнаа предлози или забелешки. Обврската според која радиодифузерите треба да водат дневна евиденција и да ја снимаат и чуваат емитуваната програма определен период е регулирана во член 47 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Според член 47 став 5 „начинот на водење на дневната евиденција, како и квалитетот на снимките од целокупната програма го пропишува Агенцијата". Нацрт – правилникот беше изработен со експертска поддршка во рамките на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги". Во текстот на Предлог – правилникот, во однос на Нацрт – правилникот се направени лекторски корекции и допрецизирање.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1802/1 од 10.03.2015 година и едногласно донесе Правилник за начинот на водење на дневната евиденција и за квалитетот на снимките од емитуваната програма на радиодифузерите, со текст како што беше предложен.

Со влегувањето во сила на горенаведениот Правилник, престанува да важи Правилникот за техничките услови при задолжително снимање, чување и доставување на емитуваната програма („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/11).

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт, да го објави во “Службен весник на Република Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финасиски работи, д-р Андриана Скерлев-Чакар, го објасни предложениот Правилник за определување на должината на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 06-та седница одржана на 17.02.2015 година, го усвои Нацрт – Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен. Во текстот на Предлог-Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата, вградени се забелешките кои во однос на текстот на Нацрт-Правилникот, беа дадени од г-дин Јанчески, член на Советот на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1795/1 од 10.03.2015 година и едногласно донесе Правилник за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Со денот на влегувањето во сила на горенаведениот правилник, престанува да важи Правилникот за определување на должината на годишниот одмор на вработените во Стручната служба на Советот на радиодифузија бр.01-2894/1 од 22.07.2009 година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да го објави на огласната табла на Агенцијата.

Се задолжува Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, донесениот подзаконски акт, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финасиски работи, д-р Андриана Скерлев-Чакар, го објасни предложениот Правилник за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 06-та седница одржана на 17.02.2015 година, го усвои Нацрт – Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Додаде дека забелешките од г-дин Трајчев и г-дин Фиданоски се внесени во предлогот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1796/1 од 10.03.2015 година и едногласно донесе Правилник за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Со денот на влегувањето во сила на горенаведениот правилник, престанува да важи Правилникот за службена облека на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија бр.02-2855/1 од 26.09.2008 година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, Правилникот за службена облека и обувки на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да го објави на огласната табла на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, донесениот подзаконски акт, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, ја објасни предложената Безбедносна политика на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во областа на информациско-комуникациската технологија. Документ овозможува преглед на безбедносната политика на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во областа на информациско-комуникациската технологија (ИКТ). Политиката е од голема важност за безбедноста на ИКТ системот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ), и е за заштита на самите корисници, податоците и интелектуалната сопственост на АААВМУ. Информациите се критично добро на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и мора да бидат соодветно заштитени од неавторизиран пристап од бришење или уништување и модификации, намерни или ненамерни од страна на корисниците. Сите учесници во ИКТ системот на АААВМУ имаат соодветна улога во заштитата и безбедноста на овие добра. Вработените, привремено вработените, изведувачите и консултантите и сите други странки кои имаат пристап до ИКТ средствата сопственост на АААВМУ се одговорни за безбедноста на овие добра. Секторот за информатичка поддршка и општи работи треба да создаде процедури за креирање на безбедна околина преку имплементација на политики со дефинирани улоги и одговорности и овозможување на конзистентна координација. Воспоставување и континуирано надградување на системот за управување со ИКТ безбедност е во согласност со барањата на ISO 27001:2005 стандардот.

Г-дин Петрушевски рече дека во периодот од кога е во Агенцијата, претходно во СРД, вработените ја почитувале и ја почитуваат безбедносната политика, но сепак е добро што ќе се донесе ваков документ.

Г-ѓа Машовиќ имаше забелешка во делот 2 со наслов „Физички мерки за заштита". Рече дека со оглед на постојната состојба во сегашните работни простории на Агенцијата, односно течење на атмосферска вода, г-дин Саити сакал да даде посебни мерки за претпазливост и заштита. Според неа треба да се преформулира точката 2.8. која гласи „Мора да постои заштита од поплави и заштита од вода која надојдува во сервер сала. Никаква дождовна вода или снег кој се топи и прокиснува на ѕидовите или таваните на сервер салата не е дозволена. Мора да се обезбеди најдобра изолација од влага„. Предложи да стојат само зборовите „мора да постои заштита од надворешни влијанија" бидејќи ваквата формулација не и се допаѓа, затоа што се надева дека во новиот објект ни случајно нема да се доведат во опасност ниту вработените ниту опремата.

Во врска со предлогот од г-ѓа Машовиќ се отвори дискусија. Г-дин Петрушевски, по дискусијата предложи формулацијата да биде „мора да постои заштита од поплави и вода во сервер салата. Мора да се обезбеди најдобра изолација од влага„

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1809/1 од 10.03.2015 година и со забелешката од г-ѓа Машовиќ и предлогот од г-дин Петрушевски, едногласно ја донесе Безбедносната политика на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во областа на информациско-комуникациската технологија, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги вгради предложените измени во Безбедносната политика на Агенцијата, и да ја достави до сите вработени во Агенцијата и до членовите на Советот на Агенцијата.

Се задолжија сите вработени во Агенцијата и членовите на Советот, потпишаниот образец да го достават до Секторот за информатичка поддршка и општи работи за ИКТ технологија.

**Точка 11**

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи ја објасни потребата за Одлуката за потреба од јавна набавка: Миење на службените возила на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1797/1 од 10.03.2015 година и со 5 гласа „за“ (членот на Советот г-дин Ајдини не беше присутен во моментот на гласање), даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Миење на службените возила на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 12**

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи ја објасни потребата за Одлука за набавка на нов систем за архивирање документи, електронска архива (е-деловодник).

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1794/1 од 10.03.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука за набавка на нов систем за архивирање документи, електронска архива (е-деловодник), во вкупен износ кој нема да надмине 26.846,00 денари, со пресметан ДДВ.

Понудата со бр.05-1510/1 од 26.02.2015 година, од „ГОРД Системи Сервиси“ ДООЕЛ, Скопје, во износ од 26.846,00 денари, со пресметан ДДВ (24.800,00 денари без ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 2.046,00 денари), за набавка на нов систем за архивирање документи, електронска архива (е-деловодник), е најсоодветна за Агенцијата, со оглед на фактот дека во истата понуда е предвидена и надоградба на нови верзии, како и обука и вебинар за самоучење, која во споредба со најниската понуда во вредност од 25.780,00 денари, со пресметан ДДВ, поднесена од страна на „ЕСОФТ СОЛУШН“ ДОО Скопје, предвидува и надоградба на нови верзии.

Средствата за горенаведената набавка, се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 13**

Разно.

**Бр. 02-1783/12**
**18.3.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**